# Таблет со Android: Резервна копија во облак и споделување фотографии

**Користете ја бесплатната сметка на Google за да правите резервна копија од датотеките, фотографиите и видеозаписите.**

Вашата сметка на Google има бесплатни услуги во облак што ви овозможуваат да правите резервна копија од датотеки, фотографии и видеозаписи и да ги синхронизирате помеѓу различни уреди.

Исто така, сметката Google нуди и широк избор бесплатен софтвер, како на пример, текст-процесор, табеларна пресметка и календар, како и говорен помошник Google Assistant.

## Што ќе ви треба

Пред да го почнете курсот, проверете дали вашиот таблет е целосно полн и дали ја има најновата верзија на оперативниот софтвер.

Ќе треба да се поврзете на интернет преку домашна Wi-Fi-мрежа или преку пакет за мобилни податоци на таблетот, и ќе треба да се најавите на сметката Google со адресата на е-пошта и лозинката што ги имате за таа сметка.

Запомнете, постојат голем број различни брендови таблети со Android и сите функционираат малку различно. Некои од екраните на вашиот таблет може да изгледаат малку различно од оние во овој водич, но сепак ќе можете да ги следите упатствата.




Вашата безбедна сметка на Google овозможува пристап до бесплатни услуги во облак

Не заборавајте дека треба да ја отворите апликацијата Фотографии, а не апликацијата Галерија на производувачот на вашиот таблет

## Како да направите резервна копија и да споделувате фотографии

Ајде да погледнеме како да направите резервна копија од вашите фотографии во облакот и како да ги споделите го пријателите е семејството.

1. Поминете со прстот од долниот дел на екранот нагоре за да ги прикажете сите апликации.
2. Најдете ја апликацијата **Фотографии (Photos)** и допрете ја иконата за да ја отворите. Важно е да ја отворите апликацијата Фотографии, а не **апликацијата Галерија (Gallery app)** на производувачот на таблетот. Кај некои таблети со Android апликацијата Галерија може да се нарекува и **Ваши фотографии (Your Photos)**. Проверете дали ја отворате апликацијата Фотографии.

3. Ако ја користите апликацијата **Фотографии** првпат, ќе треба да ѝ дадете дозвола за пристап до фотографиите и други датотеки на вашиот таблет. Ова е неопходно за да може апликацијата да работи правилно, и безбедно е да ја дадете дозволата. Допрете на **Дозволи (Allow)**.
4. Следниот екран ќе ве запраша дали сакате да направите резервна копија од фотографиите и видеозаписите од вашиот таблет на **сметката Google (Google Account)**. Допрете на **Вклучи правење резервна копија (Turn on backup)**.
5. Сега, изберете го квалитетот во кој вашите фотографии ќе се складираат. Ако опцијата **Оригинален (Original)** не е веќе нагласена, допрете ја и полето околу таа опција ќе стане сино.
6. Следната опција, **Направи резервна копија преку мобилни податоци (Back up over mobile data)**, може да ви ги потроши дозволените мобилни податоци и може да биде скапа, па проверете дали е поставена на исклучена. Копчето треба да биде сиво.
7. Допрете на **Потврди (Confirm)**.

Потоа, таблетот може да ви понуди слајдшоу со сè што можете да правите со **Google Photos**. Можете да допрете на **Следно (Next)** во долниот десен агол за да ги видите информациите, или да допрете на **Прескокни (Skip)** за да продолжите со следниот чекор.

## Како да ја користите апликацијата Google Photos

Се појавува главниот екран на **Google Photos** и ви ги покажува вашите фотографии и видеозаписи. Исто така, во горниот десен дел ќе можете да ја видите иконата на профил на **сметката Google**.

Ако околу неа гледате сина линија што се движи, тоа значи дека од фотографиите и видеозаписите на таблетот се прави резервна копија во облакот.

За да проверите дали се прави резервна копија од фотографиите:

1. Допрете на иконата на профил.
2. Ќе се појави скок-поле со информации што ви помагаат да управувате со Google Photos. Полето ќе ви покаже дека од фотографиите **се создава резервна копија (Backing up)**.

Штом резервната копија од фотографиите ќе се направи, ќе можете да пристапите до нив со најавување на сметката Google од кој било уред. Можете да видите како да го направите ова користејќи ги курсевите за десктоп или лаптоп со Windows **Споделување фотографии и локација со облакот (Sharing photos and location with the cloud)**.



Складот во облак на Google прави резервни копии од фотографиите и видеозаписите во апликацијата Google Photos на вашиот таблет

# Таблет со Android: Резервна копија во облак и споделување фотографии

## Корисни информации во прозорецот на сметката Google

Можете да пристапите до корисни информации во секое време со допирање на вашата **икона на профил на сметката на Google (Google Account profile icon)** .

**Складот на сметка (Account storage)** ви покажува колкав простор заземаат вашите фотографии и видеозаписи во облакот. Вашата сметка на Google има 15 гигабајти бесплатен склад во облакот и кога ќе го наполните треба да купите дополнителен простор или да избришете некои фотографии или други датотеки од облакот.



Складот во облак на Google ви овозможува пристап од други уреди до резервната копија од вашите датотеки

1. Допрете на **Склад на сметка (Account storage)** за да ја видите страницата **Резервна копија и синхронизација (Back up & sync)**.
2. Проверете дали копчето Резервна копија и синхронизација е сино, што значи дека опцијата е вклучена. Ова значи дека секојпат кога сликате фотографија или снимате видеозапис со таблетот, апликацијата Photos ќе направи резервна копија од нив во складот во облак на сметката на Google.
3. **За да престанете да создавате резервна копија од фотографиите и видеозаписите, можете да го допрете копчето за да стане сиво.**
4. Под ова се наоѓа вашето име и деталите на сметката на Google и копче што можете да го допрете за да купите повеќе простор за складирање во облакот.
5. **Допрете ја стрелката Назад (Back) за да се вратите во скок-полето на апликацијата Google Photos.**
6. Под Склад на сметка може да видите порака што вели Ослободи простор (Free up space). Допрете го копчето **Ослободи (Free up)** за да отворите нов екран со информации како безбедно да отстраните фотографии од таблетот за да ослободите простор на вашиот уред. Ако отстраните фотографии од таблетот на сметката во облак, тоа значи дека ќе можете да ги гледате само кога таблетот е поврзан на интернет.
7. Вратете се на главната страница на Google Photos со затворање на полето. Допрете го **крстот (cross)** во горниот лев дел на екранот.

# Таблет со Android: Резервна копија во облак и споделување фотографии

## Како да споделувате фотографии со пријателите и семејството

Можете да го користите облакот и апликацијата за размена на пораки на таблетот за да споделувате фотографии со пријателите и семејството така што ќе им пратите **врска (link)**. Врската ви овозможува да споделувате датотеки што се премногу големи за да се приложат во е-пошта, како на пример, повеќе фотографии и видеозаписи.

1. Од главната страница на Google Photos изберете фотографија што сакате да ја споделите со допирање и задржување на фотографијата сè додека не се појави син знак за штиклирање во горниот лев агол на фотографијата.
2. Другите фотографии сега имаат блед бел круг во горниот лев агол. Допрете ги фотографиите за да ги штиклирате и да ги додадете во врската што ја подготвувате за споделување.
3. Во горниот дел на екранот допрете ја иконата **Сподели (Share)** што личи на три круга поврзани со линии.
4. Се појавува **Панелот за споделување (Share panel)** со различни опции за споделување на фотографиите. Најдете ја иконата означена како **Создај врска (Create link)**.



Другите можат да ги гледаат споделените фотографии на нивните уреди со допирање на врската во вашата порака

5. Допрете ја иконата **Создај врска** и почекајте сè додека не видите лента во боја наречена **Врската се ископира (Link copied)**. **Споделете ја во саканата апликација**.
6. За да ја споделите врската користејќи ја апликацијата за Размена на пораки на таблетот, допрете ја **иконата на Пораки (Messages icon)** во **Панелот за споделување**.
7. Се отвора списокот со вашите **Контакти (Contacts)** за да можете да изберете кому да му ја пратите врската. Можете да пребарате конкретно име или да внесете број на мобилен телефон.
8. Во десниот дел од екранот се јавува нова порака со веќе ископираната врска во полето на пораката.
9. Ако сакате, можете да додадете лична белешка после врската, но не заборавајте најпрво да го притиснете **копчето за празно место (Space bar)** за да избегнете упропастување на врската!
10. На крај, допрете го копчето **Испрати (Send)**.

    Кога пријател или член на семејството ќе ја добие врската, може да ја допре за да го отвори веб-прегледувачот на мобилниот уред и да ги разгледа фотографиите што ги споделивте. Ако се најавиле на нивната сметка на Google, можат да коментираат на фотографиите и да ги преземат на нивниот уред.
11. Допрете го копчето **Дома (Home)** за да се вратите на Почетниот екран.